Европа за граѓаните

**Проектот „Граѓаните за Европа“ е финансиран од Европската Унија преку програмата „Европа за граѓаните“**

**Мерка 2.1 *„Збратимување на градови”***

**Учество:** Во проектните активности учествуваа повеќе од 400 граѓани, односно 35 учесници од **општина Ксанти (Р. Грција),** 35 учесници од **општина Браила (Р. Романија)**, 35 учесници од **општина Струмица (Р. Северна Македонија)** и над 300 учесници од градот-домаќин - **општина Шумен (Р. Бугарија).**

**Место / Датуми:** Настанот се одржа во општина Шумен, Р. Бугарија, во периодот од **04.09.2019 година** до **08.09.2019 година.**

**Краток опис:**
Ден **04.09.2019 година** - пристигнување на учесниците од Струмица, Браила и Ксанти во општина Шумен и нивно сместување во хотел „Шумен“.

На ден **05.09.2019 година**, свое обраќање и поздравни говори до учесниците имаа официјални претставници на општина Шумен, Р. Бугарија, како град-домаќин и организатор на меѓународниот настан, притоа искажувајќи огромна благодарност за нивното присуство. Се презентираа целите на проектот, проектните активности и предвидената работна програма. Првиот дел од предвидената работна програма го опфаќаше настанот со наслов „**Рамо до рамо пред ЕУ"**, кој се одржа во регионалната библиотека „Стилијан Чилингиров“. Се водеше интерактивна панел дискусија со цел размена на добри практики, искуства и информации од областа на културата, образованието, туризмот, унапредување на социјалната кохезија, вклучување на граѓаните и граѓанскиот сектор во процесот на европска интеграција, промовирање на можностите за општествен и интеркултурен ангажман и волонтерство на ниво на ЕУ, предностите да се биде земја-членка на ЕУ, а кон крајот на панел дискусијата, посебен акцент се стави на европските програми за образование и размена на ученици/студенти кои ги проширувaат хоризонтите на младите лица и го зајакнуваат нивното чувство на европска припадност. На дискусијата учествуваа претставници на единици на локални самоуправи и регионални власти, туристички сектор, културно-уметнички институции и друштва, фолклорни групи, воспитно-образовни институции, граѓански сектор, итн.
Во вториот дел од денот, се одржа настан со наслов **„Рамо до рамо во ЕУ“,** односно официјална средба на високи претставници од четирите градови-партнери во проектот (Струмица, Шумен, Браила и Ксанти), на која свое официјално обраќање имаше Градоначалникот на општина Шумен - господин Љубомир Христов. На средбата учествуваа високи претставници од четирите градови-партнери во проектот: членови на општинските совети, претставници на општинските администрации, како и претставници на општинските сектори и одделенија

задолжени за меѓународна соработка и спроведување на проекти финансирани од ЕУ. Секој од градовите-партнери во проектот ги презентираше успешно спроведените европски проекти, искуството и можностите за искористување на европските фондови и придобивките за локалната заедица. Беа разгледани можностите за отпочнување и воспоставување соработка меѓу четирите градови-партнери во проектот преку потпишување на Меморандум за соработка и разбирање.

Вториот ден од големиот меѓународен настан во општина Шумен (**06.09.2019 година)** се совпадна со прославата на еден од најголемите бугарски државни празници - Обединувањето на кнежевството Бугарија со Источна Румелија. На почетокот на денот, се одржа свечена воена церемонија, како дел од одбележувањето на овој голем бугарски државен празник, симболизирајќи го обединувањето на бугарскиот народ.
Во вториот дел од предвидената работна програма, учесниците го посетија Националниот историско-археолошки резерват „Мадара", единствен од ваков вид во Европа и своевиден симбол на Р. Бугарија од светски калибар. Учесниците, исто така, имаа можност да уживаат во природните убавини, ресурси и богатства на шуменскиот регион - пештерите „Мадара", кои поради својата специфична акустика, се претворија во своевидна неформална сцена за изведба на Балканска музика од страна на учесниците.
Настанот со наслов **„Рамо до рамо на сцената"** изобилуваше со традиционални музички и танцови изведби од страна на претставниците на културно-уметнички институции, друштва и фолклорни групи од четирите градови-партнери во проектот, а, се одржа на сцена под отворено небо во Паркот на природата во град Шумен. Покрај традиционалните музички и танцови изведби, беа презентирани и стари локални обичаи и занаети, детски игри, како и типични локални кулинарски специјалитети. На настанот учествуваа лица од различни возрасти - постари луѓе кои се вистински чувари на националниот фолклор, традиција и култура, деца кои негуваат и осознаваат не само свои, туку и странски култури и традиции, и нивните родители кои ги едуцираат во духот на толеранцијата и познавањето на културната разновидност на Европа. Овој активен меѓукултурен дијалог доведе до взаемно запознавање и социјална кохезија меѓу учесниците, создавајќи трајни пријателства.

На ден **07.09.2019 година**, учесниците на меѓународниот настан имаа можност да се запознаат со културно - историското наследство на општина Шумен и останатите градови-партнери во проектот. Во информативниот центар на Паркот на природата во град Шумен се одржа туристичка изложба под мотото **„Рамо до рамо на картата",** на која секој од градовите-партнери во проектот ги презентираа своите најзначајни туристички места, ресурси и атракции преку мултимедијални презентации и промотивни материјали. Посебно внимание се обрна на големиот број културни настани и манифестации организирани од страна на градовите-партнери во проектот и нивната примена како туристички ресурси, а, беа разменети добри практики и идеи за нивно проширување. Се презентираа иновативни производи поврзани со популаризацијата на значајни историски места и локалитети од Шумен. Учество зедоа претставници од туристичкиот сектор, културно-уметнички институции и друштва, фолклорни групи, музејски работници и претставници од општинските администрации, одговорни за подготовка, развој и спроведување на проекти и активности од областа на културата и туризмот. Дополнителен значаен и силен белег на настанот даде и присуството на претставниците од бугарската Национална канцеларија на програмата „Европа за граѓаните". Покрај претставувањето на најважните карактеристики на програмата и нејзиното спроведување во Р. Бугарија, посебен фокус се даде и на 2018 година, како Европска година на културното наследство и клучната улога која ја има културата за

иднината на ЕУ. Беа претставени и поволните можности предвидени во програмата за продолжување и продлабочување на партнерството меѓу четирите градови-партнери во проектот.
Истиот ден, учесниците ја посетија една од најпознатите знаменитости на општина Шумен - споменикот „Основачи на бугарската држава“, кој ја раскажува и симболизира историјата на Првата бугарска држава преку скулпторските композиции, при што тие го збогатија своето знаење за историското минато на Бугарија, како дел од Европското културно наследство.

На ден **08.09.2019 година**, гостите заминаа од Шумен со желби за повторни средби.

Повеќе информации на https://www.facebook.com/citizens4eu/